# Еколошки ѕидови за поголем животен комфор

**Кнауф-системите се без радиоактивни зрачења и без штетни испарувања, со што придонесуваат за здравото живеење**

БИЉАНА ИЛИЌ



Ентериер по желба со системите „Кнауф"

Системите за сува градба „Кнауф" овозможуваат удобност во градењето и во начинот на живеење. Се користат за реновирање на станови, но и во нови градби. Со нив може да се изведат модерни форми, кои не може да се добијат со класичниот начин на градење со тула. Особено актуелни се заоблените форми, кои може да се направат во кој било дел од домот и со саканите димензии.

Гипс-картоните на „Кнауф", единствен во земјава што произведува вакви градежни системи, се користат за изолација на надворешните ѕидови, како самостојни ѕидови на кои слободно може да се закачи уметничка слика, од нив се прават спуштени тавани, од кои може да паѓа романтично осветлување, како и шанкови, подови и слично.

## ПОГОЛЕМА ЗВУЧНА И ТОПЛИНСКА ИЗОЛАЦИЈА

Ѕидовите од гипс-картон на „Кнауф" имаат беспрекорно мазни и рамни површини, флексибилни се во организацијата на просторот, лесни се, се монтираат и се демонтираат за кратко време без шут и влага, а чинат исто колку и класичните ѕидови. Ѕидовите на „Кнауф" се еколошки и без радиоактивни зрачења, без тешки метали или штетни испарувања. Нивните изразени бактеристатски и фунгицидни карактеристики овозможуваат здрава животна средина. Со дебелина од 10 сантиметри овозможуваат одлична звучна и топлинска изолација, што е особено важно за малите станови - објаснува инженерот Велимир Петровски, технички советник во градежниот сервис „Кнауф".

Изразено во бројки, звучната изолација е поголема за 4-5 децибели, топлинската за 2,5 пати, а тежината на овие ѕидови е десет пати помала од таа на класичниот ѕид.

- Се препорачува куќата да се изгради до карабина, а внатрешните ѕидови да се направат од гипс-картон, бидејќи може да се монтираат независно од носивната конструкција на зградата, секаде каде што ќе посака инвеститорот - вели Петровски.

Гипс-картонските плочи се исполнети со минерална волна, која е изолациски материјал. Ако се ставаат во кујна или во бања, се користат водоотпорни плочи.

Електричните и водоводните инсталации се спроведуваат едноставно во внатрешноста на ѕидот. Со примена на типли „Кнауф" на ѕидовите може да се закачат разни работи, како на пример слики, полици, висечки елементи и слично, објаснува Петровски.

Системите „Кнауф" се отпорни на пожар и затоа имаат голема примена во изградбата на приватни и на деловни објекти, а особено се незаменливи при изградба на поткровје. ■



Монтажата се изведува брзо